Službeni vesnik SR Makedonije
Skopje
fah 51


# СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Ф

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802 603 1125

Петок, 8. јуни 1973
БЕЛГРАД
БРОЈ 32 ГОД. XXIX

Цена на овој број е 1 динар — Претплатата за 1973 година изнесува 270 динари — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1 Пошт. фах 226 — Телефони централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; телекс 11756

**407.**

Врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 1, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО СРЕДСТВАТА ОСТВАРЕНИ СО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ЦИГАРИ

Се прогласува Законот за привремена забрана на располагањето со средствата остварени со зголемување на цените на цигари, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 7 јуни 1973 година и на седницата на Стопанскиот собор од 7 јуни 1973 година.

ПР бр. 211
8 јуни 1973 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО СРЕДСТВАТА ОСТВАРЕНИ СО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ЦИГАРИ

Член 1

Од средствата што организациите на здружениот труд што се занимаваат со преработка на тутун (производители на цигари) ќе ги остварат со продажба на цигари, износот од 0,18 динари за едно пакување од 20 парчиња од кој и да е вид цигари производителите на цигари не можат привремено да го користат за никои цели, освен за одредените намени што се финансираат преку Фондот за деловна сигурност на производството и извозот на тутун и тутунски преработки (во натамошниот текст: Фондот).

Средствата од став 1 на овој член се уплатуваат во корист на Фондот и се користат според правилата на Фондот.

Член 2

Организациите на здружениот труд што продаваат цигари на големо и на мало, не можат привремено да ги користат средствата во износ од 0,40 динари за едно пакување од 20 парчиња од кој и да е вид цигари, за количините цигари утврдени со пописот на залихите согласно важечките прописи, освен за намените од член 1 на овој закон.

Средствата од став 1 на овој член се уплатуваат во корист на Фондот и се користат според правилата на Фондот.

Член 3

Штом ќе престанат да дејствуваат околностите што го предизвикале донесувањето на овој закон, Сојузниот извршен совет ќе предложи укинување на овој закон.

Член 4

Овој закон ќе се применува од 8 јуни 1973 година.

Член 5

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**408.**

Врз основа на член 57 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/72, 55/72 и 28/73), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА УРЕДБАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ, НАМАЛУВАЊЕ ОДНОСНО УКИНУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ОСНОВНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ОДРЕДЕНИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Во Уредбата за зголемување, намалување односно укинување на стапките на основниот данок на промет на одредени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/72 и 46/72) по член 1б се додава нов член 1в, кој гласи:

„На прометот на производите од тар. број 3 на Тарифата, се плаќа основен данок на промет на производи, и тоа:

1) на сите видови екстра-цигари што не се произведени по југословенски стандард односно што не спаѓаат во ниедна група од точ. 2, 3 и 4 на овој тар. број, како и на колекциите цигари и на режан тутун од сите видови и квалитети, освен тутунот за луле — — — 71%

2) на сите видови екстра-цигари на кои производителот им ја одредува малопродажната цена за 20 парчиња, и тоа:

— до најмногу 7,40 динари — — — — 71%
— до најмногу 6,40 динари — — — — 66%
— до најмногу 5,40 динари — — — — 65%

3) на сите видови цигари произведени според југословенски стандарди, што спаѓаат во:

— I квалитетна група — — — — — 64%
— II квалитетна група — — — — 63%
— IIа квалитетна група — — — — 60%
— IIб квалитетна група — — — — 57%
— IV квалитетна група — — — — — 56%

4) на сите видови црни цигари — — — 56%

5) на тутун за луле — — — — — — — 25%

6) на пури, цигарилоси, тутун за џвакање и бурмут — — — — — — — — — — 15%

Одредбите на забелешката кон тар. број 3 на Тарифата се применуваат и врз прометот на производите од став 1 на овој член."

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 158
6 јуни 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**409.**

Врз основа на член 31 став 1 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПРОДАЖНИТЕ ЦЕНИ ЗА ЦИГАРИ

1. За подолу наведените квалитетни групи цигари цените во продажба на мало можат да се формираат до следното највисоко ниво:

| | Динари за 20 парчиња |
|---|---|
| — за I квалитетна група | 4,20 |
| — за II квалитетна група | 3,70 |
| — за IIIа квалитетна група | 3,20 |
| — за IIIб квалитетна група | 2,70 |
| — за IV квалитетна група | 2,40 |

2. На купувачите, трговски организации на здружениот труд и други организации, за цигарите од точка 1 на оваа одлука, производителските работни организации ќе им одобруваат рабат најмалку од 4% а најмногу од 6% од малопродажните цени од точка 1 на оваа одлука.

3. Во цената од точка 1 на оваа одлука е вклучен основниот данок на промет на производи, според важечките прописи.

4. Трговските организации на здружениот труд и други организации што продаваат цигари на големо и на мало (во натамошниот текст: организациите) можат да ги зголемат своите постојни продажни цени во прометот на голема и на мало за цигарите на залихи, и тоа вкупно:

1) за сите екстра-цигари — за 0,40 динари за 20 парчиња;

2) за сите цигари произведени според југословенски стандарди од I, II, IIIа, IIIб и IV квалитетна група — за 0,40 динари за 20 парчиња.

5. Организациите ќе извршат попис на сите количини цигари од точка 4 на оваа одлука затечени на 7 јуни 1973 година, како и на сите количини на тие цигари што до тој ден на организацијата и се фактурирани од производителот односно добавувачот (стока на пат).

6. За сите количини цигари од точка 4 на оваа одлука (залихи и стоки на пат) организациите се должни да го утврдат износот на разликата во цената одредена во точка 4 под 1 и 2 на оваа одлука и вкупниот износ на разликата, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, да го уплатат во корист на посебната сметка бр. 60804-654-37 — Фонд за деловна сигурност на производството и извозот на тутун и тутунски преработки.

7. Со парична казна од 5.000 до 30.000 динари ќе се казни за прекршок организацијата ако не постапи според точ. 4, 5 или 6 на оваа одлука, или ако во пописот на залихите на цигари не ги прикаже точните податоци за залихите на цигари.

За дејствието од став 1 на оваа точка ќе се казни за прекршок и одговорното лице во организацијата со парична казна од 1.000 до 5.000 динари.

Покрај казната за прекршокот од став 1 на оваа точка ќе се изрече и заштитната мерка одземање на имотната корист остварена со извршувањето на прекршокот.

Постапката по прекршоците од ст. 1 до 3 на оваа точка се смета за итна.

8. За екстраквалитетни цигари, колекции екстра-цигари, пури и цигарилоси, режан тутун, тутун за цвакање, тутун за луле и бурмут, производителските организации на здружениот труд можат да ги формираат своите продажни цени според условите на пазарот.

9. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање на продавните цени за цигари („Службен лист на СФРЈ", бр. 44/71).

10. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 159
23 мај 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**410.**

Врз основа на член 31 од став 1 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОДРЕДУВАЊЕ МАКСИМАЛНИ ЦЕНИ ЗА ФЕРМЕНТИРАН ТУТУН

1. За ферментиран тутун производителските организации на здружениот труд, спогодбено во рамките на Стопанската комора на Југославија, можат да ги зголемат постојните продажни цени во просек до 16,7%.

Склучената спогодба е полноважна ако со неа се согласи Сојузниот завод за цени, а се применува по објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр 161
23 мај 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

# ОДЛИКУВАЊА

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 4 и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат

Од СР Црна Гора

— за долгогодишна револуционерна работа, за покажани извонредни заслуги во организирањето и изградбата на општествениот систем и за особен придонес од општо значење за развитокот и јакнењето на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Пајковиќ Ѓоко;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Ѓурановиќ Веселин, Јовиќевиќ Мило, Лопичиќ Јанко, Милатовиќ Вељко, Мирковиќ Ико, Стојовиќ Драго Стругар Владо. Шибалиќ Мијушко, Шошкиќ Будислав, Вукасовиќ Милан, Жарковиќ Видоје;

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Баровиќ Василије, Бешиќ Божидар, Бујишиќ Слободан, Ѓуричковиќ Марко, Поповиќ Миро. Раичевиќ Радомир, Срзентиќ Војислав, Вујошевиќ Миљан;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичка изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Јововиќ Бранко, Максимовиќ Драгиша, Перовиќ Миладин·

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Боричиќ Мило, Добарџиќ Емин, Коматина Радомир, Новаковиќ Милан, Радовановиќ Вуко, Војиновиќ Радован, Вуковиќ Милорад;

— за особени заслуги на делото ширење на братството и единството меѓу нашите народи

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Брајовиќ Михаило, Лековиќ-Гломазиќ Станка, Вешовиќ Радоња;

Од СР Србија

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичка изградба на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Јојиќ Александар;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Келиќ Душан;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Бранковиќ Драгиша, Грбин Стеван, Јовановиќ Драгомир, Лазиќ Љубомир Миловановиќ Љубомир, Радосављевиќ Иван, Телиќ Јово, Тошиќ Милутин, Чолаковиќ Живорад;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Вукша Ѓура, Зајиќ Драгоје;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Аќимовиќ Драгољуб, Анакијев Георг, Бабиќ Душан, Бодловиќ Вељко, Булбиќ-Дамњановиќ Ана, Цветков Алекса, Ќирковиќ Вера, Димитријевиќ Александар, Добелшек Хенрих, Ѓорѓевиќ Милоје, Ѓурѓановиќ Слободан, Ѓуриќ Радослав, Филиповиќ Милорад, Гајиќ Милан, Иванчев Верча, Камаљевиќ Владислав, Кемивеш Антал, Ковачевиќ Милош, Кузмановиќ Данило;

Липуш Карло, Ливора Стево Лукиќ Ранко, Маринковиќ Надежда, Марјановиќ Милорад, Мициќ Никола, Милојевиќ Предраг, Недиќ Живорад, Павловиќ Миливоје, Павловиќ Витомир, Радовановиќ Никола, Ранчиќ Новак, Савковиќ Никола, Сердар Раде, Спасов Цена, Спремиќ Тихомир, Стаменковиќ Бошко, Станковиќ-Пантиќ Драгослава, Весниќ Миленко, Вучиќ Бранислав, Вукша Милан, Живадиновиќ Драгомир, Живковиќ Ѓурѓе, Жижиќ Јован;

— за примерно залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Ајроски Селим, Аљковиќ Рамиз, Драгољовиќ-Војводиќ Ана, Марковиќ Никола, Миленковиќ Никола, Пивиќ Предраг, Радојчиќ Милан, Рангелов Љубомир, Тадиќ Жарко, Влаховиќ Бранислав, Војниќ-Дујиќ Зорка.

Бр. 116
31 октомври 1972 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 4 и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за особени заслуги во развивањето активноста на толкувањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана, во издигањето и ширењето на воено-стручното знаење и борбената готовност, како и за јакнењето на морално-политичкото единство на земјата и патриотизмот на нашите граѓани

Од СР Босна и Херцеговина

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ГОЛЕМА ЅВЕЗДА

Томиќ Станко;

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ЗЛАТНИ МЕЧЕВИ

Балабан Петар, Бјелац Ѓуро;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА SВЕЗДА

Балабан Милан;

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

Босниħ Вујадин, Грубор Симо, Кукриħ Петар Лукач Љубан, Марковиħ Војин, Пеjдах Исмет, Пузигаħа Војин, Родиħ Бранко, Рујевиħ Бошко, Скопљак Мустафа, Шобот Дмитар, Шобот Гојко, Тртиħ Слободан, Зечевиħ Ћамил;

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

Бајиħ Боро, Даниħ Миħо, Ђаковиħ Даринка, Ивановиħ Желимир, Јовиħ Љубомир, Карановиħ Ђуро, Ковиħ Дмитар, Лукач Јово, Лукач Милорад, Пеħанац Стево, Пилиповиħ Драган, Рашљиħ Љубомир, Родиħ Лазо, Векиħ Славко;

Од СР Хрватска

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ЗЛАТНИ МЕЧЕВИ

Богичевиħ Никола, Крњаиħ Ђуро, Нофта Габријел, Новак Драгутин, Пешиħ Милан, Штековиħ Аниша;

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО СРЕБРЕНА SВЕЗДА

Кљаиħ Милан, Кљаиħ Петар, Маричиħ Љубан, Пенезиħ Мато, Вучетиħ Стево;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Поповиħ Ђуро, Ружиħ Стјепан, Шпановиħ Вељко;

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

Беговиħ Адам, Билиħ Михајло, Борјановиħ Милан, Божиħ Ђуро, Чепин Антун, Чокиħ Милош, Филиповиħ Андрија, Филиповиħ Станко, Халиловиħ Фрањо, Хапп Антун, Храниловиħ Никола, Хузјак Мирко, Јуришиħ Ђуро, Кљаиħ Ранко, Косановиħ Ђуро, Краљец Јосип;

Мамузиħ Никола, Марковиħ Илија, Микулиħ Младен, Ненадиħ Драган, Опачиħ Петар, Остојиħ Милан, Пјевалица Станко, Прокеш Мирко, Прошиħ Драгутин, Рњак Обрад, Семенски Драгутин, Свилокс Милован, Шегович Фабијан, Шелендиħ Рудолф, Штековиħ Васиљ, Штековиħ Вујадин, Вахтариħ Фрањо, Видовиħ Саво, Вујклија Рајко, Зделар Андрија, Жилиħ Дамјан;

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

Ћириħ Љубомир, Чакара Живко, Чавиħ Антун, Демиħ Љубица, Дивјак Мирко, Дробњак Иван, Ђуриħ Раде, Грачанин Владимир, Гржаниħ Звонко, Гвојиħ Милан, Хорват Јосип, Јакупец Јосип, Јасиħ Даница, Јукиħ Мато, Комлиновиħ Славко, Кордиħ Душан, Костањевец Стјепан, Ковач Жељко, Ковачек Маријан, Ковачиħ Стјепан, Лилек Јосип;

Маричиħ Милош, Мариновиħ Ивица, Миличевиħ Милан, Милиħ Душан, Мравлинчиħ Стјепан, Мухаремај Селим, Новак Бранко Петраш Станко, Пипек Иван, Пинотиħ Ђуро, Пиплек Владимир, Повијач Алојз, Пријљева Васо, Радушевиħ Мирко, Ратковиħ Фрањо, Стегњајиħ Стево, Стојисављевиħ Душан, Шетинц Иван, Шмерек Владо, Шпикиħ Угљеша, Шушњар Јован, Тржец Фрањо, Весели Јулије, Вујиħ Иван, Заплатиħ Славко, Звркан Стево;

Од САП Војводина

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ГОЛЕМА SВЕЗДА

Биволаревиħ Вукашин, Дороњски Душан, Продановиħ Јован, Радојчин Милош, Шоти Пал;

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО ЗЛАТНА SВЕЗДА

Будовалчев Арса, Кешељ Вукашин;

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ЗЛАТНИ МЕЧЕВИ

Дејановиħ Добривој, Крстиħ Анђељко, Пашиħ Илија;

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

Буњац Васо;

СО МЕДАЛ ЗА ВОЈНИЧКИ ДОБРОДЕТЕЛИ

Ђубања Батриħ.

Бр. 117
1 ноември 1972 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

СОДРЖИНА:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 407. | Закон за привремена забрана на располагањето со средствата остварени со зголемување на цените на цигари — — — — | 953 |
| 408. | Уредба за дополнение на Уредбата за зголемување, намалување односно укинување на стапките на основниот данок на промет на одредени производи — — — | 953 |
| 409. | Одлука за формирање на продажните цени за цигари — — — — — — — — | 954 |
| 410. | Одлука за одредување максимални цени за ферментиран тутун — — — — — | 954 |
| | Одликувања — — — — — — — — — | 954 |


**Ослободено од основниот данок на промет врз основа на мислењето на Републичкиот секретаријат за култура на СР Србија, бр. 413 55/72 03 од 15 август 1972 година**

**Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристиħа 1. Пошт фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиħ, Улица Јована Ристиħа бр. 1 — Печати Београдски графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиħа бр. 17**